


Нашата земја нема да пропадне,
Нашата вера во неа нема да падне,
Искрата на Илиднден пак ке  бликне
И македонска држава ке никне.

Нашата земја од помнивек  страда.
Но живее  таа со надеж млада,
Маченица е  таа стара
Но низ   борби патишта бара
Слобадата да си  ја врати
Па ако  требе и со крв да плати.

Земја што  секогаш героиња била
И плејади горои родила
Илинден  трет ке  роди
Во ново Крушево ке, се прероди.

Земјо низ тебе Гоцев дух шета
И буди народ за борба света,
Од Пирин Јане со борци млади
Во бОЈ кинисал Бугари пади.

Лазар Трпковски крвари рани
Од подли Грци народ свој брани,
Чесниот Ченто од гроб се буди
Предавници во Скопје да суди.

Не. Нашата земја нема да пропадне
Нашата вера во неа нема да падне.
Низ крвави борби слобода ке се роди
Духот на Илинден кон неа не води.

СТАПОДДРЕН